# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „УЧЕБНИК ПО СОВРЕМЕНА ТУРСКА КНИЖЕВНОСТ“ („ÇAĞDAŞ TÜRK EDEBİYATI”) ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р МАХМУТ ЧЕЛИК И ДОЦ. Д-Р ЗЕЌИ ЃУРЕЛ ОД ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип донесена на 148. седница, одржана на 1.12.2016 год. определени сме за рецензенти на учебното помагало „УЧЕБНИК ПО СОВРЕМЕНА ТУРСКА КНИЖЕВНОСТ“ од авторите проф. д-р Махмут Челик и доц. д-р Зеќи Ѓурел

***Информации за првиот автор проф. д-р Махмут Челик***

Авторите на учебните помагала покажуваат вистинско познавање на материјата, при што се претставени како високопрофесионални и квалитетни истражувачи во полето на современата турска книжевност.

Првиот автор, проф. д-р Махмут Челик е доктор по филолошки науки, наставник во областите на стара турска книжевност, современа турска книжевност, турска народна книжевност, методика на наставата по турски јазик и книжевност. Дипломирал на Групата за турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (1995), магистрирал на Пловдивскиот универзитет - Инстититут во Кирџали област Туркологија (2002) на тема ***„Општ преглед врз турската детска литература во Македонија и во Бугарија“***. Докторирал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2009), повторно на тема од областа на турската книжевноста за деца ***„Критички осврт кон расказите за деца од турската литература на првата повоена генерација во Македонија“.***

На 16.3.2010 год. бил избран за доцент, а на 14.11.2014 год. бил избран во звањето вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Неизбежно треба да се спомене неговото учество на многубројни научни собири, конгреси и конференции во земјава и во странство, како и многубројните објавени научни и стручни трудови од областа на современата турска книжевност.

***Информации за втор автор доц. д-р Зеќи Ѓурел***

Доц. д-р Зеќи Ѓурел е доктор по филолошки науки, наставник во областите турска детска книжевност, современа турска книжевност, турска народна книжевност. Роден е во 1956 год. во с. Бујук Потуклу - Кајсери, Р. Турција. Основното образование го завршил во родното село. Во 1974 год. дипломирал на Основната учителска школа „Мимар Синан“, потоа се запишал на Универзитетот „Хаџитепе” во Анкара на Групата за турски јазик и книжевност. Во 1980 год. дипломирал на истоимениот универзитет.

Во 1983 год. високото образование го продолжил на Универзитетот „Хаџетепе” во Анкара. Во периодот од 1995 до 1998 год. бил на функција продекан и шеф на катедра на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гази” во Кастамону. Од Универзитетот „Кириккале”, каде што бил во редовен работен однос заминува во Меѓународниот турско-казахстански универзитет „Ахмет Јесеви”. Во Казахстан тој предава во градовите Туркистан и Џимкент од 1999 до 2000 година.

Во 2000 година бил назначен за доцент на Групата за турски јазик при Универзитетот „Абант Изет Бајсал” во Болу, Р. Турција. Подоцна, во периодот помеѓу 2002 и 2005 год. својата кариера ја продолжил на Приштинскиот факултет, како и на Катедрата за туркологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Во 2008 год. заминал да работи како професор на Универзитетот „Гази” во Анкара. Во рамките на проектот Туркологија при Институтот „Јунус Емре”, во 2015 година, Зеќи Ѓурел е назначен да предава на Универзитетот „Гоце Делчев“‘ во Штип, Р. Македонија.

Своите магистерски и докторски студии ги завршил на Универзитетот „Гази“ во Анкара. Посебно се истакнува со своите трудови од областа на детската литература.

Тој дава голем придонес во издавањето на многубројни списанија. Учествува на повеќе конференции и симпозиуми како во својата земја Р. Турција, така и надвор од неа. Има објавено над 50 книги и е уредник на голем број списанија.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАКОПИСОТ „СОВРЕМЕНА ТУРСКА КНИЖЕВНОСТ“**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Современа турска книжевност“ од авторите проф. д-р Махмут Челик и доц. д-р Зеќи Ѓурел е компатибилен со Наставниот план и содржините за предметот Современа турска книжевност 1 и Современа турска книжевност 2, кои според студиската програма на Катедрата за турски јазик и книжевност, во VI и VII семестар со фонд на часови 2+2+1, се вреднува со 6 кредити на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Овој предмет се изучува како задолжителен предмет на Наставна насока на прв циклус студии. Ракописот е наменет за потребите на студентите од прв циклус студии. Наставните содржини се презентирани јасно и концизно.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на турски јазик, со краток вовед на македонски јазик од страна на рецензентите во А4 формат, фонт Times New Roman, големината на букви кај насловите е 15, поднасловите 13, а на содржините 12. Текстот содржи 238 страници и е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет. Трудот содржи 7 поглавја, 5 наслови, 45 поднаслови, кратенки и библиографија, составена од книги и статии релевантни за предметот.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот преставува квалитетен труд, кој ќе им помогнат на идните студенти полесно да го совладаат материјалот. Овој учебник се објавува првпат во нашата земја и поради тоа ракописот го прави значаен за студентите на турски јазик и книжевност.

**Краток опис на содржината:** При составувањето на ракописот, авторите имале за цел да вклучат содржини кои се од особена важност во едукацијата на идните наставници по турски јазик во основното и во средното образование. Ракописот содржи *вовед*, *цели и задачи на современата турска книжевност*, во кој фокусот е ставен на поимот за книжевноста и нејзината цел, преку претставување на епохите и развојот на турската книжевност. Во второто поглавје *Развојот на турската книжевност под влијание на западната книжевност* се прикажуваат епохите низ кои се развивала турската книжевност под западно влијание. Епохите се поделени на шест периоди и тоа танзиматска литература, литература на Сервети Фунун, книжевност Феџри Ати (светлост на иднината), национална книжевност, националната книжевност за време на Народно-ослободителната борба и литературата од Републиканскиот период. Понатаму, во учебникот детално се објаснети карактеристиките на секој период одделно, како и причините кои довеле до нивно создавање, за подоцна да се стави акцент на животот, творештвото и делата на најважните поети и писатели, претставници на секој од периодите. На овој начин во книгата се издвоени и обработени биографиите и творештвото на 45 најважни претставници од сите шест периоди на турската книжевност, која се развивала под западно влијание. Но ова не значи дека бројот на писатели претставници на современата турска литература е ограничен, што е и посочено во книгата, како и тоа дека избраните поети и писатели се значајни личности во литературата според нивната способност за претставување.

При пишувањето на книгата е користен стандардниот литературен турски јазик, што е од особено значење, бидејќи со ова таа претставува прва книга која е од областа на турската книжевност, која е напишана на стандарден турски јазик, за потребите на студентите на Катедрата за турски јазик и книжевнос, на Филолошкиот факултет при УГД во Штип.

Во поглед на правописот важно е да се истакне дека е користено и последното издание на Прирачникот за правопис на турски јазик.

Делата кои се наведени како користена литература на крајот од книгата, освен што ја покажуваат компетентноста на авторите во поглед на содржините на книгата, исто така претставуваат и еден вид на патоказ за понатамошно детално изучување и истражување. Стручноста на изготвувачите е поткрепена и со нивните биографии и библиографски единици, ставени на крајот од книгата.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис „Учебник по Современата турска книжевност" на концизен и едноставен начин ги обработува предметните содржини и е сосема во согласност со Студиската програма и Наставниот план на Филолошкиот факултет и дека ќе биде особено важна за студентите од студиската Група за турски јазик за полесно совладување на наставните содржини по наведениот предмет.

Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип со задоволство му го препорачуваме ракописот „УЧЕБНИК ПО СОВРЕМЕНА ТУРСКА КНИЖЕВНОСТ" **од авторите проф. д-р Махмут Челик и доц. д-р Зеќи Ѓурел да го прифати за печатење како УЧЕБНИК.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Фадил ХОЏА, с.р.**
**Доц. д-р Назли Рана ЃУРЕЛ, с.р.**